**ОХРИД SOS**

| | |
|---|---|
| **До:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |
| **Предмет:** | **Коментари кон Нацрт на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина** |
| **Подносител:** | **Граѓанска иницијатива Охрид SOS** |
| **Контакт:** | *ohridsos@gmail.com* |
| **Датум:** | **09 април 2025 г.** |

Во законски утврдениот рок, поднесуваме коментари кон *Нацрт на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина* објавен на ЕНЕР на 26.02.2025 г. Бараме аргументирано да се одговори на сите коментари и сугестии и истите да бидат имплементирани.

Забелешка:

1. Коментарите се состојат од два дела: дел прв ги опфаќа коментарите кон предлог – измените (точка 1 до 52), додека дел втор дава сугестии за измени во актуелниот *Закон за животната средина* (точка 53 до 102).
2. Предлог - дополнувањата/измените на законскиот текст се со задебелени букви, а текстот кој се брише е со црвени букви и пречкртан.
3. Кога зборуваме за оцена на влијанието врз животната средина, се мисли на сите видови документи, вклучително и елаборатите.

| **ДЕЛ ПРВ**<br>**Овој дел содржи коментари кон предлог – измените како што се наведени во текстот на нацрт – законот или кои се во врска со нив** | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Сегмент од Предлог-измените** | **КОМЕНТАРИ И ЗАБЕЛЕШКИ** |
| 1. | Член 1 | Член 5 од *Законот за животната средина*, став (1), точка 32, алинеа прва се дополнува и гласи: „подготовка на студија за оцена на влијанието врз животната средина од страна на инвеститорот/барателот, **изработена од независен експерт обучен и квалификуван во согласност со најдобрите практики на меѓународните стандарди за еквивалентни оцени**[1] **и спроведена врз основа на најточни и најнови достапни податоци, а со примена на начелото на претпазливост во ситуации кога постојните знаења и информации се недоволни**.“ |

[1] *Еквивалентноста овде се однесува на три параметри: а) нивото на проценка, т.е. стратешко или друго; б) локација, односно заштитено, светско наследство или друго; и в) тип на живеалиште.*

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Член 1 | 1. Во член 5, став (1) од *Законот за животната средина*, точка 32 да гласи “испитување и **писмена** анализа од страна на надлежниот орган на информациите дадени во студијата за оцена на влијанието врз животната средина”.<br><br>2. Додавката се прави со цел да се осигури дека процесот на анализа на оцената е евидентиран. <u>Писмената анализа мора да биде јавно достапна.</u> |
| 3. | Член 2 | Во врска со бришењето на дел од член 21, при што се изземаат сите освен министерот за животна средина во одлучувањето за забрана на производи, полупроизводи итн. Која е оправданоста од процесот на одлучување да се исклучат министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството? |
| 4. | Член 6 | Член 22-б, став (2) се дополнува и гласи „(2) Со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење може да постапува лице кои поседува лиценца за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење (во натамошниот текст: лиценца) **и има завршено обука на ниво на преовладувачките најдобри меѓународни практики.“** |
| 5. | Член 7 | Бришењето, односно замената на став (7) од членот 22-к значи слабеење на контролниот механизам и објективност во процесот на оценување. Дополнително, полагањето е (2) „со опрема која е потребна за демонстративно изведување на практични примери од испитот“, така што во комисијата е неоходно да има барем еден член од „од правното лице кое е овластено од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за спроведување обука за постапување со средства за ладење, како и/или со производи кои содржат средства за ладење.“ |
| 6. | Член 8 | Со нацрт – законот се бришат членовите 28-а, 28-б, 28-в и 28-г и покрај тоа што тие се однесуваат на идентификација, управување и санација на контаминирани подрачја (каде би можеле да влезат и оние од Охридскиот Регион оштетени од рудници, депонии и друга контаминација со тешки метали). Се чини дека ова е сериозно ослабување на легислативата, освен ако еквивалентно законодавство веќе не е донесено на друго место. <u>Ако е така, каде е?</u> (Укажуваме дека е од витално значење да не се остават дупки во законот доколку тоа би било регулирано со некое идно законско решение коешто сè уште не е влезено во сила.) |
| 7. | Член 9 | Новопредложениот став (5) од член 40 се менува и гласи: „(5) Информациите и податоците наведени во став (4) **постојано се ажурираат со последните** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **достапни мерења,** се доставувааат во електронска форма **и**~~/или~~ се внесуваат во Информативниот систем во веб-форма, преку Интернет (веб-прелистувач).“<br><br>Информациите и податоците треба безусловно да бидат јавно достапни. |
| 8. | Член 12 | Добро е што текстот на член 76, став (2) е изменет за да ги вклучи индиректни и директни влијанија врз животната средина. Сепак, останува недоволен бидејќи не ги зема во вид **кумулативните влијанија**.<br><br>Член 76, став (1) се менува и гласи „(1) Предмет на оцената на влијанијата врз животната средина се проектите определени во согласност со членот 77 од овој закон, кои поради нивниот карактер, обем или локацијата на којашто се изведуваат можат **поединечно и/или во комбинација со други постоечки или планирани проекти** да имаат значително влијание врз животната средина.“ |
| 9. | Член 12 | Во став (2) од член 76, кон списокот на аспекти кои треба да се имаат во вид при оцената, а врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина, треба **да се додадат**:<br>- **стари живеалишта;**<br>- **климатски рефугиуми;**<br>- **заштитени подрачја;**<br>- **значајни понори на стакленички гасови; и**<br>- **историја на грижа за животната средина, безбедноста и (евентуално) криминално досие на инвеститорот.**<br><br>Кон оцената на влијанијата мора да се пристапи холистички, како што всушност и екосистемите фунционираат. Згора на тоа, мора да се стави посебен акцент на старите, зрели хабитати и екосистемските фунции на подрачјата, што не е опфатено или може да биде занемарено кога се анализира само “биодиверзитетот“. Еден ист проект во различни карактеристични подрачја ќе има различен степен на влијание. |
| 10. | Член 12 | За <u>да се зацврсти ефикасноста</u> на предложеното дополнување на став (4) од член 76, во член 212-е од *Законот за животната средина* треба да се предвидат поригорозни казнени мерки за големите субјекти за случаи кога проектите започнале без потребната оцена на влијанието. Исто така, предлагаме за големите субјекти да нема утврдена горна граница на глоба. (Види образложение во точка 83 од овој документ.) |
| 11. | Член 13 | Утврдувањето на потребата да се спроведе оцена на влијанието врз животната средина „за други, генерално определени проекти“ „врз основа на карактерот, обемот и локацијата“, не треба да се остави на волјата на владата по предлог на МЖСПП т.е. да бидат арбитрарно менувани без јавен надзор (со оглед дека се регулираат со подзаконски акти). Одредени категории на проекти безусловно треба да бараат оцена според член 77, став (1) од *Законот за животната средина*. Тие треба да вклучуваат електрични постројки, железници, автопати и експресни патишта, сите видови аеродроми, сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | хидроелектрани, каменоломи, инсталации за производство на цемент, сите видови пречистителни станици, сите инсталации за отстранување на отпад, депонии, брани, модификации на каналите на реките, пристаништа, марини, пристаништа, туристички населби, хотели, планински одморалишта, настани со одредена големина (пр. фестивали, концерти и спортски активности) и која било форма на проект согласно локација и/или законски утврден обем[2].<br><br>Во овој контекст неопходно е да се направи ревизија на очигледно застарената листа на проекти кои се дел од Прилог 2 од *Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата од спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина*, а за кои задолжително треба да се спроведе оцена на влијанието врз животната средина. |
| 12. | Член 13 | Кон член 77 се додава нов став (2), а сега став (2) станува став (3) и гласи:<br>**„(2) Проектите во подрачјата на светското наследство и заштитените подрачја се сметаат за проекти за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина.“** |
| 13. | Член 14 | 1. Предлог - измените на член 78 сосема го исклучуваат процесот на консултација со јавноста што не смее да биде случај. Предлог – измените на став (2) и непримената на став (6) и (7) треба да се ограничат исклучиво на случаи на воен конфликт и вонредна состојба, но не и во мирнодопски услови. Бараме да се направи соодветна корекција.<br><br>2. Став (3), алинеа 3 се дополнува и гласи:<br>– адреса **и е-адреса** каде што можат да се доставуваат забелешки, мислења и предлози.<br><br>3. Став (4) се менува и гласи: „(4) Заради обезбедување на доволно време за информирање на јавноста, информациите од ставот (3) на овој член се достапни на веб страниците ~~најмалку 30 дена~~.“<br><br>Покрај решението за неспроведување на оцена за влијанието, информацијата за донесувањето на таквата одлука треба да бидат секогаш достапна за јавноста.<br><br>**Напомена:** секое изземање од обврската за спроведување на оцена на влијанието врз животната средина, мора да биде со образложение кое е предмет на проверка и јавна објава (според чл. 4(4) од Директивата 2011/92/ЕУ, изменета со 2014/52/ЕУ). |

[2] *Праговите за обем треба да бидат помали за локалитетите на светското наследство и заштитените подрачја.*

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Член 15 | Измените на член 79 треба да се унапредат за да се гарантираат квалитет на оцените на влијанието врз животната средина. Поради тоа став (1) се дополнува и гласи: „(1) подготовка на студија за оцена на влијанието врз животната средина од страна на инвеститорот/барателот, **изработена од независен експерт обучен и квалификуван во согласност со најдобрите практики на меѓународните стандарди за еквивалентни оцени[3] и спроведена врз основа на најточни и најнови достапни податоци, а со примена на начелото на претпазливост во ситуации кога постојните знаења и информации се недоволни**.“ |
| 15. | Член 15 | Во член 79, став (1), алинеа три се дополнува и гласи: „- **писмено и јавно достапно** испитување и анализа од страна на надлежниот орган на податоците доставени во студијата за оцена на влијанието врз животната средина.“<br><br>Имено, неопходно е да се обезбеди процесот на анализа на проценките да биде поткрепен со докази и да биде целосно транспарентен. |
| 16. | Член 15 | Во врска со член 79, став (2) за отстранувањето на загадувачките супстанци и враќање на засегнатото подрачје во поранешната состојба. Ставот треба да се надгради со тоа што ќе се бара **изработка на акционен план за создавање на еквивалентни живеалишта** на соодветни локации во случаи кога флората, фауната, габите и другите живи организми најверојатно ќе бидат изгубени, без оглед на нивниот статус на заштита. Единствен исклучок би биле инвазивните неавтохтони видови. |
| 17. | Член 15 | Став (5) од член 79 се дополнува и гласи: „(5) Покрај упатството од ставот (4) од овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа за животната средина, **согласно најдобрите меѓународни пракитки,** донесува и детални упатства за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина за проектите од областа на енергетика (производство, суровини, пренос, складирање, мрежи, и слично), **рударството, за проекти во локалитетите на светското наследство, заштитените подрачја, идентификуваните климатски рефугиуми и значајните понори на стакленички гасови,** како и за проектите од други области за кои се спроведува оцена на влијанието врз животната средина, кои ќе бидат земени предвид при спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина.“ |
| 18. | Член 15 | Став (6) од член 79 се допоплнува и гласи: **„**(6) Упатствата од ставовите (4) и (5) се ажурираат и ревидираат најмалку еднаш во период од седум години согласно новите трендови и **најдобритите меѓународни практики** во спроведувањето на постапките за оцена на влијанието врз животната средина.“ |

[3] *Еквивалентноста овде се однесува на три параметри: а) нивото на проценка, т.е. стратешко или друго; б) локација, односно заштитено, светско наследство или друго; и в) тип на живеалиште.*

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 19. | Член 15 | 1. Упатствата од ставовите (4) и (5) од член 79 треба да бидат достапни за јавна консултација.<br><br>2. Дополнително, во овој дел треба да се додадат посебни клаузули за локалитетите на светско наследство, со што ќе се гарантира почитувањето на најновите релевантни насоки за оцените на влијанието врз животната средина и наследството изработени од Центарот за светско наследство на УНЕСКО и неговите советодавни тела, ИУЦН и ИКОМОС. |
| 20. | Член 16 | Во став (6) од член 80, треба да се вметне клаузула за да се потврди дека, во случаи кога стручното тело нема доволно стручност или нема соодветни податоци или информации за да се обезбеди цврста основа за позитивно мислење, ќе се издаде **негативно мислење во согласност со начелото на претпазливост.**<br><br>Истото треба да стане и составен дел на подзаконските акти во кои се даваат насоки и предвидуваат условите во кои се издава мислење за неспроведување на проектот. |
| 21. | Член 17 | Доколку истечат роковите за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина од ставовите (3) и (4) од член 81, одлуката треба да биде дека таа мора да се спроведе, повторно, во согласност со начелото на претпазливост. |
| 22. | Член 17 | Став (9) од член 81 се дополнуваа и гласи: „(9) Против решението од ставот (5) на овој член, инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и **неформалните и формални граѓански организации** ~~здруженијата на граѓани формирани~~ за заштита и за унапредување на животната средина, можат да изјават жалба согласно прописите за општа управна постапка.“ |
| 23. | Член 19 | Во член 84, став (1), точка (б) се дополнува и гласи „(б) опис на веројатните **директни, индиректни и кумулативни** значајни влијанија на проектот врз животната средина.“ |
| 24. | Член 19 | Во врска со став (1) од член 84, содржината на оценаta на животната средина, дополнително мора да опфати:<br>- **табела на сите видови и научно признати подвидови на флора, фауна и габи за кои постои разумна веројатност да бидат засегнати од проектот;**<br>- **краток опис на начинот на кој тие ќе бидат засегнати;**<br>- **нивниот статус на Црвена листа на национално, европско и глобално ниво;**<br>- **нивниот статус на заштита;**<br>- **нивото на нивната ендемичност;** |

| | | |
|---|---|---|
| | | - **да се наведат и ендемични видови на национално ниво или оние што се заеднички со соседните земји[4] и кои не се вклопуваат во прецизните категории на флора, фауна и габи.**<br>- **каде што е соодветно, треба да се дадат дополнителни белешки за одредени таксони (како што се нивните екосистемски услуги или статусот како клучни видови).** |
| 25. | Член 19 | Во врска со став (1) од член 84, евалуацијата на потенцијалниот придонес на проектот кон климатските промени, и во фазата на изградба и во оперативната фаза, треба да биде законски задолжителна за оцените на влијанието врз животната средина. |
| 26. | Член 19 | Во врска со став (1) од член 84, при изработката на оцената, треба исто така да се земе во вид тешкотијата проектот да се преврати. На пример, нуклеарна централа, голема брана или многу висока зграда би било тешко да се деактивираат/отстранат во случај кога влијанијата врз животната средина се покажат поголеми од очекуваното. |
| 27. | Член 19 | Други неопходни дополнувања кон став (1) од член 84 се:<br>- акционен план за мониторинг, вклучувајќи дефинирани одговорности за одредени лица за утврдување на влијанијата врз животната средина за време на изградбата и работењето;<br>- прагови поврзани со параметрите за мониторинг кои автоматски ќе предизвикаат прекин на проектот во случај да се преминат границите на прифатливи промени;<br>- детали за еколошка обнова, намалување на влијанијата кои треба да се преземат за да се неутрализира имплементацијата на проектот и следење на истите;<br>- детали за тоа што е покриено со полисата за осигурување за проектот; и<br>- анализа на инвеститорот од аспект на почитување на еколошките и безбедносни стандарди, криминално досие, не само на фирмата вклучена во предметниот проект, туку вклучително и на матичната компанија и други компании кои истото одговорно лице ги поседува, во кои има удел или врши раководна фунција. |
| 28. | Член 20 | Член 86 треба да се дополни со клаузули со цел да се редефинира и зајакне постапката за проверка на оцените на влијанието врз животната средина, со што ќе се осигура дека соодветните секции се проверени од релевантни надлежни во МЖСПП - според процедуралните недостатоци идентификувани од UNECE (2019) и SECU на UNDP (2024) и да се обезбеди проверката да биде квалитативна, а не формална. |

[4] *Некои видови, како на пример дијатомите не е лесно да се категоризираат како растенија, животни или габи, а се ендемични на Охридското Езеро, т.е. се зааеднички за Македонија и Албанија. Од клучно значење е ваквите глобално ретки и научно значајни таксони да не бидат занемарени во процесот на изработка на оцената на влијанието врз животната средина.*

| | | |
|---|---|---|
| | | Во моментов, членот 85 од *Законот за животната* средина дава опширни детали за испитите за кандидатите за експерти за оцена на влијанието врз животната средина, но се чини дека нема ништо еквивалентно за оние кои ги проверуваат оцените на влијанието врз животната средина. Постапката за оние кои вршат проверка треба да биде уште поригорозна бидејќи тоа се лицата кои треба да ги воочат недостатоците, пропустите, неточностите и нечесноста. Само исклучително добро квалификуван и обучен кадар може да се очекува да ја извршува оваа улога, а не да биде сè препуштено на изработувачите на оцените за влијанието, бидејќи, практично кажано, многу од нив имаат ниски професионални стандарди што го привлече вниманието дури и на меѓународните конвенции и надзорните тела (на пример случаите со Бошков Мост и пренасочувањето на р. Сатеска). |
| 29. | Член 20 | Согласно постоечката практика, прегледувањето и прифаќањето на оцените за влијанието врз животната средина се едноставна вежба на штиклирање што само формално го потврдува запазувањето на содржината на документот, а не квалитетот на таквата содржина. Ова води до ситуации да се прифаќаат несоодветни, неточни проценки, кои во значителен дел се плагијати (UNDP SECU, 2024). Доколку се има намера да се надмине овој системски недостаток, во член 86 треба да се вметнат клаузули при што *Извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина* мора да содржи резиме и критичка евалуација на методологијата и заклучоците на ОВЖС, а во однос на здравјето и благосостојбата на а) човекот и б) живите организми. Оваа евалуација мора да ги идентификува и наведе квалитативните и методолошките слабости, несигурности и сите можни превиди на ОВЖС. Компонентата за методологијата треба да процени дали се почитувани насоките за најдобра меѓународна практика во однос на оцената на влијанијата врз животната средина. |
| 30. | Член 20 | Измените на *Законот за животната средина* треба да воведат уште едно ниво на проверка. Од научната фела, МЖСПП да креира листа на ревизори на оцените на влијанието врз животната средина кои периодично, ќе вршат ревизија на одобрените оцени на влијанието врз животната средина, вклучително и на елаборатите. Ревизијата треба да ѝ биде овозможена и на јавноста, со тоа што *Законот за животната средина* ќе утврди постапка за постапување во случај на добиен допис во врска со изработени оцени и елаборати. |
| 31. | Член 20 | Дополнителна клаузула во врска со член 86, а во член 212 треба да предвиди казнена одредба за поединци одговорни за *Извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина* за случаи во кои небрежноста резултирала со супстандардни проценки кои потенцијално или реално го загрозуваат човечкиот и/или нечовечкиот жив свет. Предложените измени во моментов се однесуваат само на конфликтот на интереси, што е само една од многуте причини зошто процедурите за ОВЖС во Македонија се толку слаби. |

| | | |
|---|---|---|
| 32. | Член 21 | Во случаите кога и покрај утврдените слабости е издадено позитивно мислење за оцената на влијанието врз животната средина, член 87 од *Законот за животната средина* треба да содржи клаузула со која МЖСПП се обврзува да даде писмено објаснување зошто се прифатени квалитативните и методолошките слабости, несигурности и пропусти наведени (како што е предложено погоре) во *Извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина*. Оваа одредба може да се вметне во ревидираниот став (2) од овој член. |
| 33. | Член 21 | Новиот став (7) од член 87 се дополнува и гласи: „(7) Доколку, за време на спроведувањето на проектот, инвеститорот кој е носител на Решението со кое се дава согласност за спроведување на проектот или Решението со кое се утврдува дека не е потребна оцена на влијанието врз животната средина, го пренесува спроведувањето на проектот на друго лице, тоа лице, како инвеститор, ги презема сите права и обврски кои произлегуваат од Решението со кое се дава согласност за спроведување на проектот или одлуката на надлежниот орган со која се утврдува дека не е потребна оцена на влијанието врз животната средина и е одговорна за нивна имплементација. **Пренесуваањето е можно само под услов а) да нема промени во проектот; б) новиот инвеститор да нема отворени правни случаи против него поврзани со инциденти во животната средина или безбедноста на луѓето; в) новиот инвеститор да не бил осуден за случаи поврзани со животната средина или безбедноста на луѓето во последните 15 години; и г) новиот инвеститор да демонстрира опременост со соодветна работна сила, стручност и финансиска сигурност за исполнување на еколошките одговорности според кои е доделено Решението за спроведување на проектот.**“ |
| 34. | Член 23 | 1. Член 90 за да се дополни со нов став со кој се гарантира дека сите оцени за влијанието врз животната средина се дигитално архивирани и трајно достапни за јавноста.<br><br>2. Точка 7 од став (1) во член 90 се менува и гласи: „7) ~~кратка содржина на~~ мислењето од членот 82 став (5) на овој закон на Интернет страницата, како и на огласна табла на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и на интернет страницата, ,а може и на огласна табла на општината на чиешто подрачје се спроведува проектот.“<br><br>Дури и да се има кратка содржина, целосниот текст на мислењето треба да биде јавно достапен. |
| 35. | Член 24 | Во измените на член 91, став (2) „рокот за консултации со јавноста соодветно се продолжува.“, зборот „соодветно“ да се замени со прецизен термин. |

| | | |
|---|---|---|
| 36. | Член 25 | Член 93, став (7) се менува и гласи: „(7) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ~~може да бара~~ од засегнатата држава **бара** информации во врска со состојбата на животната средина на нејзината територија врз која проектот би можел да има значително влијание, кога тие информации се важни за подготовка на документацијата за оцена на влијанието врз животната средина.“ |
| 37. | Член 25 | За да се примени начелото на претпазливост, по став (7) од член 93 треба да се додаде уште еден, во случај на вонредни ситуации и одбрана, кога соседната земја не може да даде важни податоци и информации за да се направи проценка на влијанието врз животната средина на загрозените видови, ретките живеалишта, заштитените подрачја, локалитетите на светско наследство, климатските рефугиуми и значајните понори на стакленички гасови, процедурата ќе биде сопрена и проектот нема да биде одобрен.<br><br>Ставот (8), станува став (9), а предложениот став (9), станува став (10). |
| 38. | Член 27 | Предложениот за измени став (4) од член 94, се менува и гласи: „(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина организира јавна расправа на подрачјето на Република Северна Македонија кое би било најмногу погодено од спроведувањето на проектот ~~на барање на засегната јавност~~ согласно одредбите од овој закон. Сите трошоци поврзани со превод, известување и организирање на јавната расправа ги презема инвеститорот.“<br><br>Имено, не е одговорност на јавноста да иницира такви постапки. |
| 39. | Член 28 | Во член 148, параграф (1), алинеја 3 се дополнува и гласи: „3) се вклучени пропишаните мерки на безбедност и сигурност **при транспорт,** во проектирањето, изградбата, работата и во одржувањето на системот;“ |
| 40. | Член 29 | Член 157, став (3) на министерот за животна средина му дава прешироки овластувања. Допуштањето на исклучоци за одговорност за причинета еколошка штета треба да се ограничи на добро дефинирани сценарија на вонредни состојби, конфликти или кризи во кои операторите презеле разумни мерки за заштита од еколошка штета. *Законот за животната средина* исто така, мора да објасни како треба да се санираат штетите врз животната средина и во кој временски рок во случаите кога се допуштаат исклучоци за одговорност на загадувачите. |
| 41. | Член 29 | Во однос на начелото „загадувачот плаќа“, член 157 треба да се прошири и на изработувачите за оцени на влијанието врз животната средина во случаи кога, без сомневање, јасната небрежност[5] од нивна страна резултирала со тешка |

[5] *Границата треба да биде утврдена доста високо, бидејќи проценката на влијанијата врз животната средина не е лесна работа, па оттука и вклучувањето на терминот „јасна“.*

| | | |
|---|---|---|
| | | еколошка штета или губење на населението на загрозените и/или заштитените видови. |
| 42. | Член 29 | Во член 157, текстот на став (10) да се замени со одредба, во случаи на актуална штета врз животната средина, Министерството за животна средина да назначи експерти од *Комисијата за испитување на извештаите за мерки за безбедност* од член 148 кои ќе ги утврдат референтните услови до кои живеалиштата, популациите на видовите и условите на животната средина мора да се обноват и временската рамка во која тоа се очекува. Исто така, комисијата треба да биде одговорна за утврдување на релевантните индикатори и следењето на истите. |
| 43. | Член 30 | Член 158 да се дополни со нова клаузула, министерот за животна средина да состави список на активности за кои операторите мора да имаат осигурителна полиса во случај на еколошка катастрофа. Ова е за да се обезбеди дека тие ќе можат да ги сносат трошоците за ремедијација во случај на несреќа. Непочитувањето на оваа одредба треба да се смета за кривично дело. |
| 44. | Член 34 | 1. Предлог - измените на став (3) од член 179 не ги рефлектираат ЕУ практиките. За усогласување, се предлага да се користи HFC супстанции пресметани според $CO_2$-еквивалентни тони наместо GWP како пообјективен начин на изразување на влијанието на различни гасови врз климатските промени.<br>2. Уште повеќе, предлог - тарифите се премногу ниски и претставуваат намалување на цената за увоз на сусптанциите со најголем потенцијал на глобално затоплување (над 3000) од сегашните 65 на 15 ден./кг. или за цели 78% што може да делува поттикнувачки на увозот.<br>• Да се предвиди цена и за супстанциите со GWP од 150 до 1000 имајќи го во вид кумулативното влијание, згора на тоа што супстанциите кои емитираат стакленички гасови и се користат во куќните апарати спаѓаат во оваа категорија, а тие сочинуваат важен дел од увозот.<br>• Цените мора да се ревидираат на повисоко ниво. Предлагаме:<br>за потенцијал на глобално затоплување повисок или еднаков на 150 до 1000 GWP - 15 ден./кг<br>за потенцијал на глобално затоплување повисок или еднаков на 1000 до 2000 - 50 ден./кг<br>за потенцијал на глобално затоплување повисок или еднаков на 2000 до 3000 - 75 ден./кг<br>за потенцијал на глобално затоплување повисок или еднаков на 3000 - 100 ден./кг |
| 45. | Член 35 | Во врска со надоместокот за пловните објекти во член 180, треба да се додаде дополнителна клаузула за регулирање на <u>етапната транзиција на сите пловни објекти во заштитените подрачја, локалитетите на светското наследство и Рамсар локалитетите кон електрични, соларни или други погонски системи со намалено загадување.</u> Конкретно, ова е во согласност со *Студијата за* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *валоризација на Охридското Езеро - Споменик на природата* (Богнер и сор., 2021), но напредно е принципот да се усвои и во интерес на други водни тела со поголеми природни вредности и ендемски биодиверзитет, особено езерата, каде природното проточно прочистување е помалку ефикасно. Тоа, исто така, ќе придонесе, (без оглед колку малку) кон исполнување на одговорностите на Македонија согласно *Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени*, а воедно и ќе ја разобличи практиката институциите да се демотивирани да промовираат почисти технологии поради приходите што ги добиваат од валканите.<br>Предложеното дополнување треба а) да постави временска рамка за транзицијата, вклучително и воспоставување инфраструктура за електрично напојување на пловилата; б) да назначи релевантно министерство за поддршка на сопствениците на нерекреативни пловила со субвенции за замена на постоечките мотори; и в) да воспостави систем со кој несоработката во реализацијата на транзицијата може лесно да се идентификува и санкционира по даден разумен грејс период. |
| 46. | Член 35 | Во член 180, став (4), сопствениците на хибридни пловни објекти не смее целосно да се ослободат од одговорност, бидејќи тие сè уште носат/користат гориво што е штетно за водните тела, особено во однос на полнење гориво, складирање и одржување. |
| 47. | Член 38 | Предлагаме <u>Комисија за надзор над спроведувањето</u> од став (3) односно став (2) од член 210 да ја формира Државниот завод за статистика, народниот правобранител, Државниот завод за ревизија или друг независен ревизорски субјект. Овие тела се посоодветни за ревизија и покажуваат помалку индикации за политичко влијание. |
| 48. | Член 39 | Кон став (1) од член 211 треба да се додадат неколку точки за надзорната комисија да се овласти <u>да го процени степенот на спроведување од страна на општините</u> на: а) локалните еколошки акциони планови; б) релевантните препораки од комитетите и секретаријатите на меѓународните конвенции поврзани со животната средина (Бернска Конвенција, Конвенција за светско наследство, Рамсарската конвенција, Конвенција за биолошка разновидност, Рамковна конвенција на Обединетите нации за климатски промени итн.); в) соодветните мерки на планот за управување со сливот; г) соодветните мерки од *Стратешкиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион*; и д) општинските одговорности кои произлегуваат од Дел XIX од *Законот за животната средина*.<br><br>Сегашните одредби за надзор во член 211 не се фокусираат на спроведувањето, туку на постоењето и донесувањето на планови и тела. Малку се обрнува внимание на тоа дали таквите планови и тела навистина постигнуваат нешто. |
| 49. | Член 39 | Дополнителна одговорност на надзорната комисија според член 211 треба да биде <u>да ги утврди вкупните индикатори за успешност на општините</u>. Оние кои |

| | | |
|---|---|---|
| | | нема да ги достигнат утврдените минимални прагови (или демонстрираат компаративно незадоволително работење во однос на другите локални самоуправи), да може да се соочат со санкции утврдени во соодветен нов член во *Законот за животната средина*. |
| 50. | Член 39 | Извештајот од став (2) на член 211 не само што треба да се достави до локалните и државните органи, туку мора да биде достапен на пошироката јавност преку веб-страницата на субјектот на надзор. |
| 51. | Член 41 | Член 41 се менува и гласи:<br>„Проектите кој се започнати пред донесување на овој закон ќе се завршуваат согласно ~~прописите кои важеле до донесување на~~ овој закон **од денот на влегувањето во сила**.“<br><br>Измените на *Законот за животната средина* и онака доаѓаат со големо задоцнување. Доколку се допушти завршување на проекти по стариот закон, практично унапредувањето постигнато со измените станува неприменливо и фарсично, исто како што во Охридскиот Регион се туркаат проекти спротивно на Планот за управување со светското природно и културно наследство. Допуштањето на оцени за влијанието врз животната средина и завршување на проекти по стариот закон ќе значи дека државата ќе прибегне кон креирање лажна претстава за усогласување на законодавството со Европската Унија. |
| 52. | Член 42 | Член 42 се менува и гласи:<br>„Подзаконските прописи кои произлегуваат од овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од ~~една година~~ шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.“<br><br>Без подзаконските акти е невозможно доследно спроведување на законот. Со оглед дека тие нема да се пишуваат одново, шест месеци е повеќе од доволен период. |
| **ДЕЛ ВТОР**<br>**Овој дел опфаќа измени кои сметаме дека треба да бидат направени во *Законот за животната средина,* а кои не се предложени со *Нацрт на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина*** | | |
| **Оцена на влијанието врз животната средина** | | |
| 53. | Видете ги барањата на Европската комисија за правната рамка за оцените на влијанијата врз животната средина и споредете ја со сегашниот закон, како и со дополнувањата во точка 32 од став (1) на член 5. | |
| 54. | Во врска со член 85 од *Законот за животната средина* треба да се додадат одредби за редефинирање и зајакнување на квалификациите и обуката потребни за експертите за оцена на влијание на проекти врз животната средина. На пример, содржината на | |

| | |
|---|---|
| | програмата на која се засноваат испитите треба да се ажурира на секои две години со најновите знаења од областа и од постоечките наведени експерти треба да се бара да ги ажурираат своите квалификации во редовен циклус, на пример на секои пет години. |
| 55. | Во програмата за полагање на испитот од член 85-в треба да се воведе и еколошка компонента која (во најмал дел) вклучува знаење за: а) функционирањето на копнениот, подземниот, воздушниот и водниот екосистем; и б) релевантни за опстанокот на важни видови на национално ниво[6]. Ова треба да претставува трет дел од стручниот испит, така што, членот 85-б треба да предвиди трет дел од стручниот испит т.е. проверката на практичното знаење да стане трет дел од испитот. |
| 56. | 1. Во однос на првиот дел од испитот во член 85-л, став (1), тој е премногу штур и рестриктивен и како таков ја зголемува можноста кандидатите да ги научат одговорите по формула, т.е. да одговараат со погодување врз основа на нивното знаење за структурата на прашањата, а не врз основа сеопфатно разбирање на испитниот материјалот. Ваквиот метод на проверка на знаења, исто така, веројатно го отежнува структурирањето на одредени прашања, што би значело дека тие не се поставуваат.<br>Кај сите делови од испитот (член 85-л и 85-љ), барем 50% од прашањата треба да бидат отворени (без заокружување).<br><br>2. Одговорите од тестирањето треба да ги проверува посебна комисијата која треба да се состои од најмалку три члена од кои 2/3 ќе бидат експерти надвор од МЖСПП. (И следствено да се направат измени на член 85-ж).<br><br>3. Времетраењето на испитите дефинирано со член 85-о и 85-п да се пролонгира од 120 на 180 минути. |
| 57. | Мора да се обезбеди одредба за стручните лица и професори наведени во член 85-г да изготвуваат општи насоки за тоа што претставува најдобра меѓународна практика во однос на оцената на влијанијата врз животната средина на секои две години. |
| 58. | Според закон, материјалот од претходните испити треба да биде јавно достапен, како референца за идните кандидати, како и за надворешна проверка на постапката со која кандидатите се избираат. |
| 59. | Кон член 85 треба да се додаде став за околности под кои експерт може да биде отстранет од Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина на предлог на јавноста. Да се воведе клаузула со детална постапка на процесот. |
| 60. | Кон член 85 треба да се додаде уште еден потчлен или зајакната одредба вметната во член 212 за да се овозможи санкционирање на оцена на влијанијата врз животната средина и на рецензентите на оцените за животната средина во случаи кога, без сомнение, може да се утврди небрежност, вклучително и можно одземање на релевантни лиценци и кривична |

[6] *Факторите за одредување на националното значење ќе вклучуваат загрозен статус, реткост, еколошка улога и ендемичност.*

| | |
|---|---|
| | одговорност во случаи кога, како резултат на небрежност настанале или можеле да настанат сериозни закани по здравјето на луѓето, биолошката разновидност и еколошките параметри. |
| 61. | Клаузулата во постојниот *Закон за животната средина* кој ја утврдува потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина треба да дефинира понизок праг за области со висока биолошка разновидност, заштитени подрачја, места на светско наследство, идентификувани климатски рефугиуми и понори на стакленички гасови.[7] Во оцената мора да се земе предвид влијанието врз капацитетот на рефугиумите и понори на стакленички гасови. |
| 62. | Дополнително на член 82, став (2) од актуелниот *Закон за животната средина*, со измените треба се овозможи граѓански здруженија од областа на екологијата да можат да дадат придонес при определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина. |
| 63. | Во *Законот за животната средина* треба да се вметне клаузула со која се налага ревизија на сите претходно издадени оцени и елаборати за постојните активности и проекти кои се спроведени во заштитени подрачја и места на светско наследство за да се утврди дали се во согласност со најдобрата меѓународна практика. Во случаи кога тие паѓаат под овие стандарди, треба да се преземат додатоци за проценка за да се идентификуваат конкретни мерки за ублажување и враќање на секоја штета што ќе произлезе од нивните недостатоци. |
| 64. | Од член 89 да се исфрли став (3) кој предвидува надомест за инвеститорите во случај на погрешно издадено решение за согласност за спроведување на проект. Трошоците поврзани со таквите надоместоци се користат како основа за да се дозволи продолжување на проекти кои требало да бидат прекинати. Тоа е покана за корупција.<br>Освен тоа „затоа што било издадено спротивно на постапката пропишана со овој закон.“ е противправно решение и постапувањето спротивно на законски пропишаното треба да се регулира со санкционирање на институцијата и лицата кои го издале решението. |
| 65. | Глобите предвидени со член 212-ѓ за големите бизниси во случај на неизработување елаборат за заштита на животната средина се недоволно големи.<br><br>Дополнително, предмет на сакнционирање за неизработување на елаборат за заштита на животна средина треба да бидат и општините бидејќи и тие се јавуваат како изработувачи на проекти за кои е потребен елаборат за животна средина. Имено, се случува општините да не изработат проценки кога е потребно, па затоа се неопходни ригорозни казнени дејствија како гаранција за почитување на законската процедура. |
| 66. | *Законот за животната средина* мора да предвиди строга контрола на методите за мониторинг за да се осигура дека тие се сеопфатни и на проценителите на влијанието да им наложи да креираат квалитативни и квантитативни индикатори за операции, |

[7] *Согласно член 188, став (3), инвентарот на последните две веќе треба да е изработен.*

| | |
|---|---|
| | ублажување и неутрализирање. Овие одговорности треба да бидат доделени на персонал и на страната на инвеститорите, и на страна на МЖСПП.<br>Следствено, неопходно е да се зајакнат и казните во случај кога не е извршен мониторинг. |
| **Биолошка разновидност** | |
| 67. | Дефиницијата за „задоволителна состојба“ во член 5, точка 27 во актуелниот *Закон за животната средина* треба да се унапреди и гласи:<br>**„Задоволителна состојба е постигнување на таков степен на квалитет на медиумот или на областа на животната средина, кој не само што ги задоволува стандардите за квалитет потребни за неговата употреба, туку и обезбедува зачувување и унапредување на биолошката разновидност, природната рамнотежа и еколошката функционалност, особено во заштитените подрачја и екосистеми со висока еколошка вредност**.“<br><br>Оваа дефиниција е повеќе во согласност со директивите на Европската унија и меѓународните конвенции односно е во насока на обезбедување здрави и стабилни природни подрачја на долг рок, што директно придонесува за почист воздух, почва, вода и помал ризик од природни катастрофи. |
| 68. | Дефинцијата за „одржлив развој“ во актуелниот *Закон за животната средина* е застарена, поради што предлагаме Начело на одржлив развој, член 8 да гласи:<br>**„Одржливиот развој се остварува преку обезбедување на рамнотежа помеѓу животната средина, економскиот и социјалниот развој на начин што се задоволуваат потребите на сегашните генерации без да се загрозат можностите на идните генерации, со строго почитување на носечкиот капацитет на екосистемите, зачувување на биолошката разновидност и природните ресурси, и признавање на нивната инхерентна вредност.“**<br><br>Вака дефинираното начело се темели на правната рамка на Европската Унија, меѓународното право и современите политики во областа на заштитата на животната средина или поконкретно: *Член 11 од Договорот за функционирање на Европската Унија, Шеста и седма програма за акција во животна средина на ЕУ (6EAP и 7EAP), Директива 2001/42/ЕС за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (SEA Directive), Директива 2000/60/ЕС за води (Water Framework Directive), Декларацијата од Рио за животна средина и развој (1992)* и *Конвенцијата за биолошка разновидност*. |
| **Климатска криза** | |
| 69. | Во нацрт – законот треба да се вметнат или изменат клаузули за да се зацврсти определбата за нула нето-емисии на стакленички гасови до 2050 година, според преземените обврски со Парискиот договор. Ова треба да започне така што ќе се обезбеди дека концептот е вграден како цел во член 187, став (1) од *Законот за животната средина* и водечката цел на *Националниот план за климатски промени*, наведен во став (2) од истиот. На таа линија во член 188-а, став (4) да ги вклучи зборовите „заради постигнување нула нето-емисии“. |

| | |
|---|---|
| 70. | Во Делот XIX „Одржлив развој и глобални прашања од областа на животната средина“ од *Законот за животната средина* да се вметне дополнителен член за да се фасилитира инвентаризација на климатските рефугиуми кој ќе биде јавно достапен. Климатските рефугиуми се дефинираат како локации каде што, поради нивните специфични климатски услови, може да се очекува да преживеат одредени видови животни, растенија, габи и други форми на живот кога ќе се соочат со услови кои го загрозуваат нивниот опстанок во други делови. |
| 71. | Законот треба да дефинира посебни барања за да се обезбеди поврзаност на живеалиштата со климатските рефугиуми, како и да се обезбеди нивната отпорност на катастрофи. Ова е со цел флората, фауната, габите и другите живи организми да имаат подобри шанси за опстанок во услови на растечките глобални температури. |
| 72. | Кон член 155, став (1) и (2) при земањето ви вид на оддалеченоста од изворите на опасност, кон „местата за живеење, местата што ги посетува јавноста и еколошки значајните подрачја“ да се додадат и климатските рефугиуми и понори на стакленички гасови. |
| 73. | Во член 155, став (1) и (2), се дополнуваат со „урбанистички проекти“ и треба да стои „При изработката на просторните и урбанистичките планови **и проекти**“. Соодветна измена треба да се направи и во член 148, став (2).<br><br>Имено, предмет на оцена на влијанието врз животната средина мора да бидат и урбанистичките проекти бидејќи нивната големина може да биде значителна и да има огромно штетно влијание.[8] Измените на *Законот за животната средина* мора да интервенираат и да ги спречат манипулациите и злоупотребите во процесите на урабанистичкото планирање кои Охридскиот Регион го доведоа на де-факто Листата на светско наследство во опасност. |
| 74. | Во законот треба да се додадат посебни одредби за оцена на влијанието врз животната средина за климатските рефугиуми и понорите на стакленички гасови. |
| 75. | Во продолжение на точка 71, се наметнува потребата кон содржината на *Националниот план за климатски промени* од член 187, став (2) и, секаде каде што е соодветно, како на пр. *Акциониот план за климатски промени* од член 189, да се дополнат информации и детали за: а) состојбата, поврзаноста и заканите со кои се соочуваат климатските рефугиуми; б) состојбата и заканите со кои се соочуваат понорите на стакленички гасови; в) мерките за намалување на заканите по климатските рефугиуми и понорите на стакленички гасови; г) природните и други катастрофи кои се причинети или чиј интензитет |

[8] *Само еден конкретен пример е изградбата на хотелски комплекс на 10.000 м² со урбанистички план и без оцена на влијанието врз животната средина во подрачјето на Студенчишта во Охрид, во заштитено подрачје на светското наследство, граничи со Мазија која е една од деветте жешки точки на биолошката разновидност, во непосредна близина од околу 100 м. од Охридското Езеро, Студенчишко Блато и блиску до Билјанините извори.*

| | |
|---|---|
| | би можел да биле условен од климатските промени; и д) промените во биолошката разновидност кои се поврзани (или експертите се сомневаат дека се поврзани со) климатските промени. |
| 76. | Во интерес на транспарентноста, податоците собрани согласно член 188-а, став (5) мора да бидат јавно достапни на посебна веб-страница што ја одржува Министерството за животна средина и просторно планирање. |
| **Светско наследство** | |
| 77. | Во член 65, став (2), оцена на влијанието мора експлицитно да се спроведува за планските документи во локалитетите на светското наследство. |
| **Еутрофикација** | |
| 78. | Следејќи го образецот утврден од членовите 187 до 193 за справување со климатските промени и опустинувањето, во *Законот за животната средина* мора да се осмислат нови членови за борба со еутрофикацијата. Во нив ќе се бара: а) изработка на инвентар на значајни извори на еутрофикација; б) пресметување на количината на азот и фосфор кои влегуваат во водните тела; в) идентификација на најлошо погодените и најзагрозени водни тела; г) акционен план за намалување на азотот и фосфорот до природни нивоа; д) механизми за спроведување на акциониот план; и ѓ) правни инструменти за следење на спроведувањето. |
| **Незаконско постапување** | |
| 79. | Во измените на *Законот за животната средина* нема експлицитен механизам со кој националните или локалните власти би биле повикани на одговорност доколку не успеат да ги спроведат еколошките стандарди и тоа било директно поради несовесно работење, било преку несоодветно управување и да се воведат соодветни санции. При тоа треба да се пристапи и од индивидуален и од институционален аспект, бидејќи може да се појават случаи кога персоналот кој има мала контрола врз начининот на работа да се најде одговорен за институционалните неуспеси. |
| 80. | 1. Член 200, став (1), точка 9 ќе се применува само за проекти чијашто реализација не започнала или е во почетна фаза.<br>2. Член 200, став (1), во врска со точка 9, да се дополни за да опфати случаи во кои изведувачот е во фаза за реализација или веќе го реалзирал проектот без елаборат за животна средина. Точка 9 не смее да се применува во такви случаи бидејќи е отворена врата за реализација на штетни проекти и е во колизија со основните начела поради кои проценките за влијанието врз животната средина се утврдиле како неопходни. Во ваквите случаи по автоматизам се применува точка 8 и точка |

| | |
|---|---|
| | 9а, односно се одзема опремата и се запираат секави активости и инвеститорот се терети со глоба согласно член 212-ѓ.<br><br>3. Инвеститорот или операторот веднаш да се задолжи да ангажира експерт кој ќе ја утврди настанатата штета од преземање или реализација на проект без елаборат за животна средина. Експертот треба да биде назначен по случаен избор и не смее да биде лице/фирма со која инвеститорот претходно соработувал со цел да се намали ризикот од конфликт на интереси.<br><br>4. Дури откако ќе се утврди дека проектот нема штетни последици или пак тие можат да се надоместат, операторот се задолжува да изработи елаборат за животна средина. Доколку се утврди настаната штета, се постапува согласно член 157 и инвеститорот се задолжува местото да го врати во првобитната состојба. |
| 81. | Во член 20, став (2), зборот „задоволителна состојба“ се заменува со „поранешна состојба“. Следствено, истата измена се прави во член 211, став (1), точка 1.<br><br>Имено, за штетата настаната како резултат на активности кои што не се предмет на регулирање на главите XII и XIV, што значи не подлежат на дозволи, очекувано е, најмалку што може да се направи е животната средина да се врати во поранешната состојба. |
| 82. | 1. Кон став (1) од член 212-ѓ да се додаде и „не им овозможуваат право на увид на државните и овластените инспектори за животна средина;“<br><br>2. Глобата предвидена со став (5) од член 212-ѓ е можеби соодветна во случаите кога не настанале вистински еколошки последици, но не е доволно висока кога загадувањето или уништувањето произлегло од активности врз кои инспекторот се обидува да изврши надзор.<br><br>3. Глоба за точките наведени во став (5) треба да се предвиди и за правните лица (не само трговци туку воопшто, јавни установи, локална самоуправа итн.) |
| 83. | <u>Механизмите од член 212-ѓ за обесхрабрување на корупцијата покриени во став (6) за одговорно лице и став (12) за</u> членовите на комисијата за ревизија на одржаните испити <u>се премногу слаби.</u> Казната од 500 евра по член за случаи кога се забележани, но не биле пријавени аномалии, отвораат простор поткупувачот многу лесно да може да ја покрие потенцијалната глоба. |
| 84. | Предвидените глоби за правни лица воопшто се ограничени само за комерцијални субјекти (на пр. за микро трговци, мали трговци, средни трговци итн.) на кој начин другите се иземаат од одговорност. Покрај комерцијалните, <u>глоби треба да се утврдат за сите останати правни субјекти</u> вклучително и општините, јавните институции итн. |
| 85. | Казните за големите бизниси во членовите 212-ѓ до 212-ж честопати би биле незначителни за мега-корпорациите како мултинационалните компании во индустријата за енергетика, екстракција на ресурси, градежната и други. Иако има смисла да се поставаат горни граници за малите и средни претпријатија, за големите бизниси, треба да се дефинираат |

| | |
|---|---|
| | минималните, но не и максималните глоби, со што ќе се овозможи санкционирање во согласност со тежината на прекршокот, притоа земајќи ги предвид сите негативни еколошки последици од прекршоците, а од друга страна глобата нема да биде свесно избрана опција во случај кога придобивките од нееколошките постапки се поголеми од висината на глобата. Во ваквиот случај, одговорноста треба да падне на матичната компанија, а не на подизведувачите и подружниците, за да се избегне ситуацијата во која големите субјекти можат да избегнат значителна казна со тоа што ќе ги препуштат операциите и активностите што ја деградираат животната средина на навидум помалите фирми и единици или пак истите ќе ги основаат со цел да го намалат ризикот од големи глоби. |
| **Генерални сугестии** | |
| 86. | <u>Начелото на претпазливост</u> не е доволно вградено во *Законот за животна средина*. Затоа, неопходно е постоечкиот закон повторно да се прегледа и да се утврди начелото да се вметне секаде каде што би било од корист на човештвото и пошироко, на природен свет. |
| 87. | Во член 5, став (1), точка 25, дефиницијата за јавност се менува и гласи: „25. Јавност е едно и/или повеќе правни и/или физички лица, **неформални и формални граѓански организации** ~~и во согласност со закон формирани организации и здруженија на граѓани~~;“<br><br>Во член 5, став (1), точка 26 се менува и гласи: „26. Засегната јавност ги вклучува и **неформалните и формални граѓански организации** ~~здруженијата на граѓани~~ формирани за заштита и за унапредување на животната средина, како и физичко лице кое има голема веројатност да ги почувствува последиците од донесувањето на одлуката;“<br><br>Став 9 од член 81 се менува и гласи: „(9) Против решението од ставот (5) на овој член, инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и **неформалните и формални граѓански организации** ~~здруженијата на граѓани формирани~~ за заштита и за унапредување на животната средина, можат да изјават жалба согласно прописите за општа управна постапка.“<br><br>Во член 89 да се направи истата измена во ставовите (1), (2) и (4) при што се додава **неформалните и формални граѓански организации**, а се брише „здруженијата на граѓани“.<br><br>Во член 91, став (1) „... како и да ги извести **неформалните и формални граѓански организации** ~~здруженијата на граѓани формирани~~ за заштита и за унапредување на животната средина од подрачјето на кое се спроведува проектот.“<br><br>Во член 98, став (2), „(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, врз основа на нивно писмено барање, да го стави на располагање барањето на **неформалните и формални граѓански организации за** ~~здруженијата на граѓани основани заради~~ заштита и унапредување на животната средина.“ |

| | |
|---|---|
| | Во член 108, став (5), „(5) Жалба против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе од страна на засегнати правни и физички лица, како и од **неформални и формални граѓански организации за** ~~здруженија на граѓани основани заради~~ унапредување и заштита на животната средина, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од објавувањето на решението. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.“<br><br>По истиот принцип да се направат измени во сите останати членови каде стои “здруженија на граѓани“ и тоа 118, 126, 152 . Имено овој термин е само една од правно дефинираните форми на здружување на граѓаните, а згора на тоа неформалното граѓанско здружување е сè пораспространета форма на ангажман во доменот на екологијата. Согласно тоа, текстот на *Законот за животната средина* треба да кореспондира со современите трендови и да не го дискриминира правото на учество на било кој сегмент од јавноста. |
| 88. | Кон член 24 кој се однесува на Елаборат за заштита на животната средина, се додава нов став кој гласи: „**(14) Решението од ставот (7) на овој член престанува да произведува правно дејство, доколку во период од две години од неговото донесување, не се отпочнало со спроведување на проектот.“** |
| 89. | Елаборатите за животна средина кои се изработуваат за проекти во заштитени подрачја и локалитети на светското наследство треба да бидат предмет на јавна расправа. Предлагаме да се направат соодветни законски измени. |
| 90. | Во член 65, став (3) од *Законот за животната средина*, термините „мали области“ и „мали измени“ на планските документи кои не бараат спроведување на оцена на влијанието се неприфатливо непрецизни и законски измени се неопходни каде тие би се определиле конкретно. |
| 91. | Член 66 се менува и гласи:<br>„Стратегиска оцена не се спроведува за плански документи кои се донесуваат:<br>~~- за потребите на одбраната на Република Северна Македонија,~~<br>- за време на воена или вонредна состојба и<br>- во областа на финансиите и Буџетот на Република Северна Македонија и буџетот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје.“<br><br>Имено, нема причина оцената на влијанието да не се спроведува во мирнодопски услови, без оглед на потребите, особено кога се има во вид дека највредните природни богатства и светското наследство на Македонија се во погранични подрачја. |
| 92. | Во член 69, став (4) се менува и гласи:<br>„(4) Органот од ставот (1) на овој член е должен, при изработката на планскиот документ, да ги земе предвид мислењата добиени согласно со ставот (3) од овој член за што подготвува посебен извештај од консултацијата со јавноста. **Извештајот задолжително се доставува до подносителите на мислења во рок од десет дена.**“<br><br>Воедно, законот треба да предвиди и санкција во случај извештајот да не биде доставен. |

| | |
|---|---|
| | |
| 93. | Според сегашниот член 83, став (2) од *Законот за животната средина*, инвеститорот од Листата на експерти избира одговорно лице за изработка на студијата за оцена на влијанието врз животната средина. Наместо тоа, изборот треба да биде случаен за да се спречи конфликт на интереси. |
| 94. | Во член 87, став (5) се менува и гласи:<br>„(5) Решението од ставот (1) на овој член престанува да произведува правно дејство, доколку во период од две години од неговото донесување, не се отпочнало со спроведување на проектот. ~~На барање на инвеститорот, важноста на решението може да се продолжи само доколку во периодот од две години нема значителни измени на условите во засегнатото подрачје, новите сознанија поврзани со основната содржина на студијата и развојот на нова технологија, што би можела да биде употребена во проектот.~~“<br><br>Решението треба безусловно да престане да произведува правно дејство имајќи во вид дека иако условите на засегнатото подрачје не се промениле значително, кога ќе се имаат на ум кумулативните влијанија од реализацијата на други проекти, неопходно е влијанието на проектот да се ревалуира. Ова е сосбено критично во локалитетите на светско наследство каде кумулативните влијанија директно се рефлектираат на исклучителната универзална вредност. Згора на тоа, за да се утврди дали „нема значителни измени на условите во засегнатото подрачје, новите сознанија поврзани со основната содржина на студијата и развојот на нова технологија“ потребно е да се направи анализа. Тоа не може да биде арбитрарна одлука на службеник во МЖСПП. |
| 95. | Членот 155 треба да се преработи за да се стави терминот **„еколошки значајни области“** во став (1) со цел потенцијално загадувачките или на друг начин опасни активности да бидат соодветно лоцирани во текот на постапките за урбанистичко планирање. Во моментов се појавуваат само во став (2). |
| 96. | Последиците кои произлегуваат од горенаведени измени кон *Законот за животната средина* да бидат соодветно транспонирани во релевантните подзаконски акти. Во продолжение следат неколку примери, кои во никој случај не ги исцрпуваат сите неопходни измени на подзаконските акти кои предлагачот треба да ги направи. |
| 97. | *Уредбата за определување на проектите и критериумите врз кои се утврдува потреба за спроведување на постапка за оцена на влијание врз животната средина* мора да предвиди повеќе генерално опишани активности, кои не се опфатени ниту во Прилог 1 кој се однесува на проекти за кои задолжително се спроведува оцена на влијание врз животната средина, ниту во Прилог 2 кој се однесува на проекти за кои се утврдува потреба за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина, бидејќи таксативното наведување на проектите не може да ги исцрпи сите можни активности[9]. |

[9] *Во 2021 година, Државниот инспекторат за животна средина одби да постапи по случајот со подводно осветлување на 1800 метри од реката Црн Дрим во Струга, бидејќи проектот не можеше да го најде во табелите на Прилог 1 и Прилог 2 од Уредбата за определување на проектите и критериумите врз кои се утврдува потреба за спроведување на постапка за оцена на влијание врз животната средина.*

| | |
|---|---|
| 98. | Во *Правилникот за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на Регистарот за одобрени елаборати*, делот за Опис на животната средина треба да ги опфати и горенаведените: климатски рефугиуми, значајни понори на стакленички гасови, локалитети на светско наследство (од точка 8 од овој док.). Во однос на биодиверзитетот треба да опфати (од точка 23 од овој док.):<br><br>- сите видови и научно признати подвидови на флора, фауна и габи за кои постои разумна веројатност да бидат засегнати од проектот;<br>- краток опис на начинот на кој тие ќе бидат засегнати;<br>- нивниот статус на Црвена листа на национално, европско и глобално ниво;<br>- нивниот статус на заштита; и<br>- нивото на нивната ендемичност;<br>- да се наведат и ендемични видови на национално ниво или оние што се заеднички со соседните земји и кои не се вклопуваат во прецизните категории на флора, фауна и габи.<br>- каде што е соодветно, треба да се дадат дополнителни белешки за одредени таксони (како што се нивните екосистемски услуги или статусот како клучни видови).<br><br>Следствено, анализата која следи во делот Влијанието на проектот врз животната средина и Програма за заштина на животната средина од елаборатот, треба да се осврне и на параметрите наведни погоре. |
| 99. | Согласно предложените дополнувања на член 76 (во точка 8 од овој док.) и член 84, став (1) (точка 23 од овој док.), да се направи ажурирање на *Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина.* |
| 100. | Согласно предложените дополнувања на член 76 (во точка 8 од овој док.) да се направи ажурирање на *Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата од спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина*. |
| 101. | Предложените измени на член 76 од *Законот за животната средина* (во точка 8 од овој док.), а со цел усогласување на легислативата, треба да иницираат измени и во подзаконските акти на *Законот за заштита на природата,* конкретно *Правилникот за содржината на студијата за валоризација или ревалоризација на заштитено подрачје* и други подзаконски акти. |

| | |
|---|---|
| 102. | Во делот од *Законот за животната средина* за надзор, неопходно е да се воведат клаузули кои ќе го зајакнат надзорот врз инспекциските служби.[10]<br>Потребно е:<br>1. Воведување почести редовни и вонредни инспекциски контроли на а) критични еколошки точки, б) кај познати субјекти - прекршители во доменот на животната средина, в) во заштитените подрачја и локалитетите на светско наследство.<br>2. Да се врши ротација особено на државните инспектори на период од две години за да се минимизира можноста за корупција и конфликт на интереси.<br>3. Да се врши ревизија на инспекциските активности најмалку еднаш на секои две години од овластени независни тела или институции.<br>4. Воведување дигитална платформа со тоа што ќе се овозможи следење на целиот процес од почеток до разрешница (вклучително и судска), со тоа што за секоја етапа (со наведени законски рокови за исполнување) ќе бидат прикачени и соодветните документи (извештај од мерења, извештај од инспекциски надзор, решение итн.) со цел да се обезбеди транспарентност и ефикасност во работењето.<br>5. Да се допушти членови на јавноста да присуствуваат на инспекциските надзори.<br>6. Да се овозможи едноставен начин за пријавување во случај кога јавноста има сомнеж за неправилно работење на инспектор.<br>7. Воведување на јасна постапка за дисциплинска одговорност (опомени, суспензија, разрешување), при утврдување на прекршувања или коруптивно однесување.<br>8. Развивање систем за мерење на перформансите на инспекторите врз основа на број на инспекции, преземени мерки и изречени глоби итн. Истите да бидат месечно ажурирани и јавно достапни.<br>9. Објавување на годишен извештај со анализа на работата на инспекторатите/инспекторите, идентификување на пропусти и насоки за подобрување.<br><br>Нашето искуство со надзорот и од страна на Државниот инспекторат за животна средина и од страна на овластените инспектори за животна средина во општините Охрид и Струга е крајно незадоволителен. Инспекциските надзори се формални, често завршуваат без издадено решение, кога решение ќе се издаде, често е неконкретно, нема никакво санкционирање, инспекторите не постапуваат по донесените решенија итн. Нивната работа низ годините е сè полоша, рефлектира или некомпетентност и/или евентаулна корупција, за што всушност сведочи и непречената и рапидна деградација особено во крајбрежниот појас на Охридското Езеро. |

[10] *Иако е јасно дека оваа проблематика може да се регулира и со други прописи, тоа не ја иззема можноста за зацврстување на легислативата во однос на критичните точки каде системот на контрола очигледно потфрла. Доколку предлагачот на законските измени инсистира тоа да се уреди со други законски прописи, тогаш веднаш треба да покрене измени во поврзаната легислатива.*

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. *Богнер и сор.* (2021) *Студија за валоризација на Споменик на природа Охридско Езеро*, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје, Македонија
2. UNECE (2019) *Environmental Performance Reviews: North Macedonia, Third Review*
3. UNDP SECU (2024) *Конечен извештај од истрагата: Истражување на наводите за непочитување на социјалните и еколошките обврски на УНДП поврзани со активностите на УНДП во контекст на следниот проект: „Климатски отпорно прекугранично управување со ризикот од поплави во сливот на реката Црн Дрим во Западен Балкан“ (Drin FRM Project)*